МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

19 45
МЛД

# КОНГРЕС НА РЕСПИРАТОРНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Здружение на пулмолози на Република Македонија

# CONGRESS OF RESPIRATORY MEDICINE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
Society of Pulmonologists of the Republic of Macedonia

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# ABSTRACT BOOK



ISSN 0025-1097
9 770025 109002

6-9 ОКТОМВРИ OCTOBER 2016 Хотел „Изгрев" - Струга Hotel "Izgrev" - Struga

# 34. АКУТНО ФАЗНИ РЕАКТАНТИ КАКО ПРЕДИКТОРИ НА МОРТАЛИТЕТ ПО ТРЕТМАН СО НИВ

**Пејковска С.**, Каева Б., Брешковска Г., Гошева З., Арсовски З., Арбутина С., Зејнел С., Чамовска Шешоска Х.
*Универзитетска Клиника за Пулмологија и Алергологија*

**Вовед:** Кај пациентите со акутна егзацербација на ХОББ (АЕХОББ) од среден и тежок степен најчесто е индицирана хоспитализација и третман со неинвазивна вентилација (НИВ). Од особено значење е одредување на предикторите кои би укажале на лош исход од третманот.

**Цели:** Одредување на акутно фазните реактанти кои се предиктори на морталитет кај пациентите со акутна респираторна инсуфициенсија по АЕХОББ и третман со НИВ.

**Пациенти и методи:** Вклучени се 35 пациенти третирани со НИВ поради АЕХОББ од среден и тежок степен во период од 09/2014 до 01/2016. Пациентите беа поделени во две групи: група успешно третирани и пуштени на домашно лекување и група каде е нотиран смртен исход. Одредувано е нивото на серумски албумин и С- реактивен протеин (CRP).

**Резултати:** Анализирани се 31 пациент (4-се префрлени во единица за интензивно лекување за ендотрахеална интубација). Хоспиталниот морталитет беше 16.1% (n=5). Резултатите од статистичката анализа покажаа дека пациентите со смртен исход имаат пониски вредности за албумин (3.2+-0.3 g/dl, p=0.04) и повисоко ниво на CRP (средна вредност 68+-16, p=0.02).

**Заклучок:** Кај пациентите со тежок степен на ХОББ постои малнутриција, како дел од системската инфламација. Како последица може да се јави ниско ниво на албумини, па следење на нивото на албумини и CRP може да биде од корист за предикција на исходот од третманот со НИВ.